**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ГРАДСКО**
**Бр. 12-02**
**01.02.2019 год.**
**ГРАДСКО**

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
ОПШТИНА ГРАДСКО
18.02. 2019 год. по пр
на ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Градоначалникот на Општина ГРАДСКО - ГРАДСКО, решавајќи по барањето на инвеститорот Општина Градско, од ул.Александар Македонски бр.70 а, Градско,, поднесено под број 12-02 од 14.01.2019 година, за издавање на Одобрение за градење од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18), а во врска со член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр. 124/2015), го издава следното:

**Одобрение за градење**

На инвеститорот Општина Градско, ул.Александар Македонски бр.70 а, Градско, му се одобрува изградба на **Изградба на Улица бр.1 и Улица бр.2 во село Водоврати** од Втора категорија, во општина ГРАДСКО (или КП бр. КР 1575,1582,1591,1828,1894,1979,1968..., , КО Водоврати (делница со стационажи улица бр1 од 150 метри а улица бр. 2 од 190 метри).

Одобрението за градење се издава за целата градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот Општина Градско, поднесе барање бр. 12-02 од 14.01.2019 година, за издавање на Одобрение за градење на Изградба на Улица бр.1 и Улица бр.2 во село Водоврати од Втора категорија, во општина ГРАДСКО (или КП бр. КР 1575,1582,1591,1828,1894,1979,1968..., , КО Водоврати, делница со стационажи улица бр1 од 150 метри а улица бр. 2 од 190 метри)).

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место, или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а доколку се работи за линиска инфраструктурна градба, Идеен проект доколку истиот претходно е доставен и одобрен согласно со членот

48-а од Законот за градење,

2. Основен проект со техн. бр. 579-18 изработен од ГЕО ИНГ ДОО Делчево,
3. Ревизија на основниот проект со бр. 0304-240/18 од Ноември 2018 година, извршена од МЕДИА ИНГ Увоз-извоз Берово ( но не и за градби наменети за индивидуално домување со бруто површина до 300 м2),
4. Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп, или право на службеност на градежното земјиште или договор за пренесување на правото на градење на предметното градежно земјиште или договор за концесија или одлука на Владата на Р.М. со која државен орган, агенција или фонд основани од Владата на Р.М. или единица на локална самоуправа се стекнале со право на градење или договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови на објектот кои претставуваат повеќе од половина од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост или имотен лист со запишано право на сопственост на Р.М. или конечно решение за експропријација доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби),
5. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште,

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
Евн КЕЦ Велес, Агенција за електронски комуникации, ЈКП Клепа

Врз основа на горе изнесеното,
Општина ГРАДСКО - ГРАДСКО
(надлежен орган)
одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Таксата по тарифен број __________ од Законот за административни такси во износ од _(**ослободена е општина Градско**)_денари е наплатена и приложена со барањето.

**Изработил: Ацо Здравевски**
**Контролирал: _____**
**Одобрил: Ацо Атанасов**

**Име и презиме и потпис на овластено лице**

**Роберт Бешовски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**Општина Градско,**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО